## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 03 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,48 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Иван Стоиљковиќ, Радмила Шекеринска Јанковска, Јани Макрадули, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Лилјана Поповска, Фијат

Цаноски, Имер Селмани, Ермира Мехмети, Џеват Адеми, Али Ахмети и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата изестени и поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 27-та и 31-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Не)

Бидејќи нема забелешки, констатирам дека записниците од 27-та и 31-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка д се донесе Законот за изменување на Законот за животната средина.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање.

**Неџати Јакупи:** Мислам дека законот предлагаме да оди по скратена постапка бидејќи сметаме дека е нужно донесување на измени на законот во делот на зголемување на казнените одредби од делот на прекршочните мерки на Законот за животна средина, уште повеќе што ова бара и итна примена на Законот и за да биде овозможено да постапиме по законот по итна постапка, постапуваме по него, уште повеќе што нема битни измени во содржината на Законот и во политиките кои ги предвидува и имплементира Законот за животна средина. Затоа предлагаме законот да биде усвоен од Парламентот по забрзана постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за животна средина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Со оглед дека нема доволен број на пратеници во салата ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам, службите да утврдат на точен број на пратеници во салата за да минеме на гласање.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 48, воздржани нема, 5 пратеници гласаа против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за транспорт и врски и екологија како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на Комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе се разгледува овој Предлог на закон.

Пред да продолжиме понатаму, процедурално господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал врз основа на Деловникот да го изнесам ставот на СДСМ со повторното воведување на постапката за донесување на закони во Собранието на Република Македонија по скратена постапка. Знаеме дека една од основните забелешки во извештајот на Европската комисија, кога е во прашање работењето на Собранието, е токму начинот на кои се носеа законите, односно во скратена постапка. Вие лично во средбата со претставници со Европската унија јавно се извинивте и признавте дека тоа било грешка, рековте дека повеќе нема да се повтори, а денес сме сведоци дека повторно 26 законски решенија носиме по скратена постапка.

Ставот на нашата пратеничка група е дека ваквиот начин на носење закони е со цел да се избегне дебата во Собранието, да се укаже на лошите законски решенија кои ги предлага Владата, но едноставно вие не сакате јавност во работата. За потсетување, Законот за придонеси од социјално осигурување Собранието го донесе на 4.11.2008 година. Во законот беше наведен рокот во кој требаше да се донесат сите подзаконски акти и ако Владата беше подготвена со тој концепт, до сега ќе го завршевме читањето на сите тие дополнителни закони во прва фаза. Оправдувањето дека дел од законите се носат затоа што треба да започне концептот за бруто

плата се неосновани, бидејќи овој закон Собранието го донесе на 4.11.2008 година и имаше доволно време сите закони кои следат после овој закон и предвидуваат измени и дополнувања да се донесат во редовна постапка.

Второто оправдување дека дел од законите се носат поради економската криза, да ве потсетам, на 27.11. 2008 година одржа прес конфеенција на која ги најави сите овие мерки и притоа рече дека сите законски решенија се спремни и дека дури дел од мерките биле разгледувани кога се носел буџетот, а буџетот го добивме во Собрание на 13.11.2008 година.

Затоа, цениме доколку имавте искени намери и доколку сакавте во Собранието да се води дебата, овие закони ќе ги предложевте во редовна постапка, а не вака во скратена постапка, оневозможувајќи им на пратениците да дебатираат по истите и да го кажат своето мислење. Затоа цениме дека ова е тенденциозно со цел да се спречи опозицијата да дебатира.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Сакам да дадам мало појаснување со оглед на тоа што и самите искажавте една голема невистина.

Прво, во јули месец се донесоа закони по итна постапка, а ова е скратена постапка, што е сосема различно. За мене е раслично, за вас не знам.

Второ, Владата овласти овластен предлагач на закониве по скратена постапка по кои и вие и јас и други можат да бидат подносители на таков тип на закони и во краен случај Собранието е тоа што одлучува дали ќе се прифати тој предлог на Влада.

Би сакал да укажам дека овие закони ќе бидат гледани на комисии, ќе може и вие како пратеници, и јас и другите да поднесуваме амандмани и да има дебата. Тоа е сосема различно од она што беше претходно со тие типови на закони, каде што немаше ни комисии ни можност за дебата.

И третата и четвртата работа која сакав да ја кажам, забележете ја, се однесува како што кажавете и самите за економски мерки. Ако треба за економските мерки да дебатираме два месеца и после два месеца да стапат во сила, тоа е ваш став, сепак Владата е таа која мисли дека треба брзо да се интервенира и да се овозможи тие економски мерки побрзо да бидат.

Друг тип на закони јас што ги гледав се усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, што стапува во сила од 1 јануари 2009 година, каде што има промена во бруто и во нето износ на плата при придонесите за задолжително социјално осигирување и сметам дека тоа е еден вид оправдување од Владата. Инаку, за овие типови на закони, како што кажаа и претходните колеги и вие колега Николов Марјанчо, има разбирање од тие што ги спомнавте за донесување на овие закони.

Процедурално Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Претседателе Трајко “грешка беше” Вељановски, почитувани пратеници, почитувани претставјници на Владата на Република Македонија,

Се собравме денес да дадеме должна почит на една институција која на времето се нарекуваше или личеше на Собрание на Република Македонија, денес претворена во. . .

**Трајко Вељаноски:** И сега се вика Собрание на Република Македонија и сметам дека треба и вие така да ја викате господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** . . . денес претворена во орган за заверување на предлози кои доаѓаат од страна на Владата на Република Македонија.

Со жалење можам да констатирам дека таква институција каква што треба да биде Собрание на Република Македонија веќе не постои. Имаме 26 предлози на закони по скратена постапка, односно по постапка на која господинот кој што ме прекина и кој верувам дека ќе ми го врати времето кое што ми го одзема, го видовме на телевизија како пред дипломатскиот кор изјави дека тоа е грешка и дека повеќе нема да се случи таа и таква грешка.

Бев убеден претседателе и тоа ви го кажав на координацијата уште во понеделник дека таа грешка нема да се повтори. Бев убеден дека вие не сте таму, само за да го задоволите дипломатскиот кор и бев убеден дека нема повеќе да ви се случи воспитен час каде што тој исти дипломатски кор ќе ве повика за да ви укаже дека не може вака да функционира Собрание во една демократска земја.

Бев убеден дека вам како претседател на Собрание на Република Македонија ќе ви значат нешто забелешките во извештајот на Европската комисија за состојбите во Република Македонија. Бев убеден дека ќе ви значат нешто забелешките за информацијата од страна на Советот на Европа.

Но вие на начин како што го сопштивте ова претходно дека не зависи ништо од претседателот на Собранието на Република Македонија, туку зависи сега од парламентарците, можам денес отворено да ви кажам претседателе дека вашиот збор ништо не значи и дека не е најголема грешка тоа што беше направено, туку е најголема грешка што сте вие избран за претседател на Собранието на Република Македонија.

Може колеги да се буните колку што сакате и да негодувате, на ова Собрание му треба претседател кој што ќе знае на Владата да и каже дека овде во Македонија според Уставот функционира парламентарен систем, а не Владата да го јавнува Собранието како што сака.

Ве молам, и за оваа точка и за другите точки да и укажете на Владата дека вака не може да функционира, да се повлече овој предлог, како и останатите 25 предлози, ако сакаме ова да биде Собрание на Република Македонија, а вие

господине претседателе заминете си час поскоро.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Нема да ве послушам вас, затоа што мислам дека ова што го кажавте е груба невистина и манипулација од ваша страна. Јас кажав дека за овие типови закони, кои се предложени од Владата, во краен случај Собранието ќе одлучи кои се однесуваат на економските мерки и по Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување има разбирање, затоа што во сите демократски држави се интервенира со мерки кои треба да бидат, да стапат во сила час поскоро. Ако вие тоа не го разбирате, ваш проблем и во краен случај Собранието е тоа што гласа и одлучува дали ќе го разбере предлогот на Владата во однос на образложениeто, поднесено со овој тип на закони.

Инаку, вие имате легитимно право да побарате, но легитимно право е на Собранието, на мнозинството. Сепак би сакал институцијата Собрание на Република Македонија соодветно да ја нарекувате, а тоа е ваше мислење како функционира.

Процедурално господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе,

Сакам да интервенирам процедурално, така што да ја искажам забелешката во однос на процедурата за донесување на дел од законите пос кратена постапка. Не дебатирам за потребата, иако беше искажно и од колегите и како став на опозицијата ваква постапка да се применува како правило, меѓутоа, тука има закони кои не можат да се потведат под категоријата закони кои имаат влијание на економијата.Каква врска има зголемувањето на надоместокот на советниците со економскиот систем и со штедењето на државата да се зголемува надоместокот од 70 на 84%. Тука се протнуваат закони кои воопшто немаат можност да се подведат под категоријата кои ќе влијаат на подобрувањето на економскиот систем. Каква врска има во процедурата скратена постапка и аргументацијата дека таа е за подобрување на делот на економскиот систем и штедењето на државата, кога со таков еден закон практично се зголемуваат издатоците кои ги прави државата. Каква врска има може некој да ми објасни? Од 70% надоместокот на советниците во општините ќе се зголемува со овој закон на 84%, кога целиот свет и цела Европа штедат. Ако е тоа штедење и ако тоа е за подобрување на економскиот систем и ако тоа ја оправдува оваа скратена постапка за помалку да дебатираме, тогаш нека се тера така. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот дас се донсе по скратена постапка.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Законот за персоналнот данок на доход се предлага по скратена постапка заради двете причини кои беа овде спомнати од пратениците од опозицијата, кои што се противат на ваквиот начин на донесување на закони.

Имено, првата е фактот што од 1 јнуари 2009 година ќе почне реформата на системот на социјални придонеси во уредување на интегрирана наплата на придонесите кај Управата за јавни приходи, намалување на придонесите итн.

Почитувани, Законот за придонеси од социјално осигурување, матичниот, беше донесен на 4.11.2008 година, но како што беше навестено беа потребни барем две недели тие законски измени во законите предвидени за измени да се подготват.

Од друга страна, покрај ова усогласување со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување направена е една значителна измена која е од карактер да им помогне на земјоделските производители, во напливот на светската глобална и финансиска криза да бидат помалку оданочени. Имено, се менува системот на оданочување на земјоделците, значи поврзано и со втората мерка, мерките на Владата за одговор на глобалната финансиска и економска криза и оттука Владата на Република Македонија му предлага на Собранието овој закон да го разгледа по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донсе Законот за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на дохот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 52 пратеника, воздржанинема, двајца пратеници галсаа против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на Комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за

датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе се разгледува овој Предлог на закон.

Со оглед на тоа дека ме известија пратениците дека има комисии во овој временски период, тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,10 часот.

(Пауза од 14,08 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,31 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за иземнување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникотна Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески**: Благодарам претседателе.

Две се причини што ја наведоа Владата да му предложи на Собранието Закон за измена на Законот за данокот на добивка по скратена постапка.

Првата се однесува на усогласувањето со реформата на социјланите придонеси што треба да започнат од 1 јануари и тоа е дел од пакатот на закони од оваа сфера.

Второ, една од најважните мерки од пакетот на десет мерки за помош на македонската економија, за што е информирана македонската јавност, за што стопанствениците се изјаснија многу поволно е измената кај системот на оданочување на дививката, односно преодот од 0 стапка на реинвестирана добивка, од 0 стапка на нерспределана добивка. Со ова се постигнува македонската економија во наредната гиодина да добие на располагање некаде околу 6 милијрди денари.

Од тука, за да се спроведе меркатa во што покус рок и да започне да се приемнува од 1 јануари 2009 година, Владата предлага и бара разбирање од Собранието овој закон за измена на Законот за данок од добивка да го разгледа по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка дасе донесе Законот за иземнување и дополнување на Законот за данок на добивка го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за прејдеме на гласање.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата има присутни 51 пратеник.

Молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во салата има 61 пратеник.

Премнуваме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, сите 54 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постпка, врз основана член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгелдуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за иземнување и дополнување на Законот за даночната постапка.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески**: Благодарам претседателе.

Измената во Законот за даночна постапка е дел од пакетот на мерки за подршка на македонскта економија, особено на претријатија што ќе се најдат во исклучителни тешкотии во наредниот период да можат по строго утврдени услови и со строго утврдени начини на осигурување да побараат репрограмирање на својот долг, на даночниот долг.

Оттука, Владата цени дека заради потребата од што поскоро делување на оваа мерка за помош на македонските претријатија да го предложи овој закон по скратена постапка на усвојување во македонскиот Парламент. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постпка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет, како

матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за платниот промет.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи**: Благодарам претседателе.

Заради ублажување на негативните последици од глобаланта криза, Владата на Република Македонија ги следи состојбите во стопанството и презема ред чекори и активности за ублажување на последиците во реалниот сектор. Една од тие прични е токму предлогот за измена на Законот за платен промет, со што се предлага велгувањето во сила на членот 26 да се врши од 1 јануари 2010 година се со цел да се овозможи на претпријатијата што имаат блокирани трнасакциски сметки да продолжат и понатаму да работат, а со тоа да се избегне можноста да се зголеми бројот на отпуштени лица во земјата.

Согласно член 170 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, не се работи за сложен и обемен закон што се предлага да оди по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за платниот промет го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, сите 54 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постпка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за отпишување на камати на доспеани обрвски по основа на даноци и продонеси за задолжително социјално осигурување

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески**: Благодарам претседателе, почитувани праеници,

И покрај тоа што Република Македонија во изминатите неколку години навистина на економски план бележеше значителни резулати, сведоци сме дека во последно време сотојбите за стопанисување во регионо, во Европа, во светот се влошуваат. Одрдени претпријатија, групации во Република Македонија и во такви услови во изминатиот период, пред се заради наследени долгови и проблеми со приватизација или преструктуирање од минатото останаа со неплатени обврски по основ на даноци и придонеси од социјално осигурување.

Оттука, за да излезе во пресрет и на овие претпријатија да го задржат своето работење, да продолжат со работа и да ги задржат вработенииите во времињата што доаѓаат Владата на Република Македонија нуди можност на овие претријатија да можат да добијат отпис на каматата што е акумулирана во изминатиот преиод на овие долгови.

Во определени случаи може да се каже и повеќето, каматата го надминува основниот долг, односно главницата. За деатлите ќе бидете запознати, сте запознати од содржината на самиот закон.

Со оглед на тоа што и овој закон е дел од пакетот на мерки за подрќка на македонската економија, а не се работи за сложен закон, Владата на Република Македонија му предлага на Парламентот да го разгледа овој закон по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, сите 59 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постпка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за иземнување и дополнување на Законот за царинсакта тарифа.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески**: Благодарам претседателе.

Владата на Република Македонија овој закон го утврди како дел од пакетот на мерки за подршка на македонската економија, сакам само да спомнам дека со намалените или целосно избришани царински стапки кај некаде над 470 групи на производи или  производи се оставаат на расплагање наредната година во македонската економија над 211 милиони денари.

Од тука Владата на Република Македонија со цел за подршка на македонската економија,  особнео на претпријатијата од металопреработувачката индустрија, од земјоделието, од хемиската, текстилната индустрија, во периодот што следи предага Собранието на Република Македонија да ги рагледа и усвои измените во Законот за царинска тарифа по скртатена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа  го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за предлогот гласаа сите 59 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за иземнување и дополнување на Законот за социјалната заштита.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјалан политика,  повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Законот за социјална заштита е предлго да се достави и донесе  во Собранието по скратена постапка од причина што во рамките на предложените измени на законот е предвидено исклучување на родителскиот додаток како приход од правата за социјална заштита за да не се доведеме во ситуација семејствата што ќе го добијат родителскиот додаток да го изгубат правот на социјална помош.

Исто така, во рамки на истава измена предвидени се и измени и дополнувања во делот на скратување на постпапката односно регулаторна гилотина по однос на постапката за стекнување на правата на социјалан помош.

И конечно, во рамките на истата измена предвидено е зголомување на износот на еднократната  парична помош што ја добиваат децата без родители  по напуштањето на домот за деца без родители по 18 години од 20 иљади денари на 180 иљади денари или 3 иљади евра.

Според тоа, а поради тоа што  правото на остварување на родителски додаток започнува од 1.1.2009 година, Владата смета дека овој закон треба да биде донесен по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита  го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постпка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на

комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Благодарам.

Предлогот на законот за измени на Законот за работни односи се предлага да оди по скратена постапка од причина што во еден дел од измените на Законот за работни односи се предвидува усогласување со Законот за социјални придонеси кој треба да почне со примена од 1 јануари 2009 година и усогласување на Законот за работни односни со Законот за прекршоци и предвидувања на поголеми казнени одредби за работодавачите што го прекршуваат Законот за работни односи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив сите 58 пратеници гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитувани,

Исто така и овој закон се усогласува со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и се воспоставува правна основа за непречено применување на новиот закон за придонеси, така да и Законот за пензиско и инвалидско осигурување има усогласување, согласно овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензискиот и инвалидското осигурување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив сите 58 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитувани,

Исто така и Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност се изменува и дополнува во согласност со усогласувањето со Законот за социјалните придонеси и исто така во рамките на истиот се предвидени усогласувања со Законот за работни односи така што мора да биде усогласен за да биде применлив од 1 јануари согласно новиот закон за придонесе од социјално осигувурање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување

на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитувани,

Основна цел на предложените измени и дополнувања на овој закон се исто така во насока на усогласување со одредбите од Законот за задолжително социјално осигурување, практично допрецизирање терминолошко во делот на износот на средства кои се доделуваат од страна на посебниот фонд.

Бидејќи станува збор за закон кој исто така зависи од имплементацијата на Законот за задолжителни социјални придонеси, Владата смета дека истиот треба да биде донесен по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерство.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитувани,

Исто и ова е пакет од закони за усогласување со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, практично со донесувањето на овие измени ќе се изврши усогласување на Законот за волонтерство со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување. Неговата практична примена од 1 јануари 2009 година ќе биде овозможена. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерство го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 56 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со предложените измени на Законот практично се утврдува односн се овозможува негова практична примена од 1 јануари 2009 година заради неговото усогласување со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување и исто така со предложените измени се предвидува практично надминување на проблемот за намалување на платата по одделен работник поради квалификациона структура на вработените, нови вработувања, организациони промени, како и исплата на додаток по основ на правото на работен стаж и врз основа на потребата од негова практична примена од 1 јануари 2009 година Владата смета дека истиот треба да биде донесен по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 56 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Спиро Ристовски:** Почитувани,

И овој закон е во насока на усогласување со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување и заради негова практична примена исто така Владата смета дека тој треба да биде донесен, согласно измените односно усогласувањето и потребата од негова практична примена од 1 јануари 2009 година и затоа се бара да биде донесен по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за гласаа сите 56 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за пратениците.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Целта на законот е усогласување на Законот за пратеници со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување чија практична примена е од 1 јануари 2009 година.

Бидејќи со влегувањето во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведувањето на пресметување на бруто плата, надоместоците за трошоците за превоз до работа и од работа, за хранарина стануваат составен дел на платата и претставуваат основица на која ќе се плаќаат задолжителни социјални придонеси.

Со оглед на тоа дека се работи за закон кој ќе се применува од 1 јануари, Владата предлага да се донесе по скратена постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 53 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за платите на судиите.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Причините за донесување на Законот за изменување на Законот за платите на судиите е негово усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување чија практична имплементација т.е. примена е од 1 јануари 2009 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за платите на судиите го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 52 пратеника, сите 52 пратеника гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Ибрахим Ибрахими:** Благодарам.

Со влегувањето во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведувањето на пресметување на бруто плата, надоместоците на трошоците за превоз до работа и од работа и за хранарина стануваат составен дел на платата и претставуваат основица на која ќе се плаќаат задолжителни социјални придонеси.

Со оглед на тоа дека Законот за финансирање на политичките партии ја предвидува категоријата просечна плата, ова е во насока на усогласување со постојниот закон за задолжително социјално осигурување и воведувањето на пресметувањето на бруто платата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, за гласаа 55 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законто за

изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот минситер за правда.

**Ибрахим Ибрахими:** Целта на законот е усогласување на овој закон со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Бидејки постојниот Закон во членот 35 став 1 е утврдено дека избран, или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно имотот на членови на неговото семејство како што е изградба на куќа, или други објекти, купување на движности, хартии од вредност, автомобил, или други подвижни предмети во вредност што го надминува износот од 20 просечни плати во претходниот тримесечен период. Со влегувањето во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведувањето на пресметувањето на бруто плата, а надоместоците на трошоци за превоз до работа и од работа и за хранарина стануваат составен дел на платата и претставуваат основица на која ќе се плаќаат задолжителните социјални придонеси, а со цел усогласување со измените на постојниот Закон предлагаме измените да се носат по скратена постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за спречување на корупцијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за гласаа 56 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратен а постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постпка.

Има збор заменикот министер за правда.

**Ибрахим Ибрахими:** Целта е усогласување на овој закон со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Имено, во делот на дисциплинската одговорност на државните службеници утврдени се парични казни како дисциплинска мерка за повреда на службената должност на државните службеници, при што паричната казна е изразена во одреден процент од висината на едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршување на повредата на службената должност. Со целусогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и воведувањето на пресметувањето на бруто плата при што под плата се подразбира бруто плата се предлага основица за пресметување на паричната казна претставува висината на едномесечниот износ на нето платата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, за гласаа 57 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ј аобразложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменик минситерот за правда.

**Ибрахим Ибрахими:** И тука причината за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба е

негово усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување чија практична примена започнува од 1.01.2009 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, за гласаа 53 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за малолетничка правда.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за правда.

**Ибрахим Ибрахими:** Се работи за измена каде што рокот за примена на законот е 30 јуни, а со цел да се спречи дуализмот со Законот за кривична постапка кој треба да се донесе во почетокот на наредната година, предлагаме законот да се донесе по скратена постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за малолетничка правда, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, за гласаа 55 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Процедурално има госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе што сепак, ми дадовте збор. Мојата процедурална реакција беше поврзана со Законот за малолетничка правда и сакав да го прашам господинот заменик министер. Прво, зошто овој закон се донесува сега во овој пакет на закони кои што вие така викате дека се заради мерките кои што ги презема Владата за глобалната финансиска криза. Ова нема никаква врска со тоа .

И второто прашање ми е, зошто постојано се одлага отпочнувањето на примената на овој закон. Само да потсетам, дека овој закон е донесен на 4 јули 2007 година. Еднаш извршивме одлагање на  отпочнувањето на примената на овој закон и добро се согласивме, затоа што навистина тука во Законот за малолетничка правда утврдивме голем број на институции кои што ќе се занимаваат со имплементација на оваа работа, на овој закон и свесни за тоа се согласивме за негово продолжување на рокот за отпочнување на примена. Тогаш беше продолжен овој рок до 1 септември 2008 година. 1 септември 2008 година почитувани колеги многу одамна е поминат. Значи, Министерството за правда не си води сметка за законите.  Ваков предлог доколку сметаат да се пролонгира влегувањето ви сила на овој закон требало да го поднесат многу порано. Значи, имаме правен вакум.

И втората работа која што сакам да ја поставам пред заменикот министер како прашање, зошто кога во сите извештаи  на Европската комисија за напредокот на Република Македонија  и за извештајот за 2007, сега и за 2008 година Европската комисија ни дава забелешка токму на ова, на стграна 15 од Извештајот е дека малолетничката  деликвенција е многу висока, а Законот за малолетничка правда сеуште не стапил во сила. Практично тука ни дава нас препорака дека што е можно побрзо да отпочнеме, да сме подготвени да отпочнеме со имплементацијата на овој закон.  И наместо сега постапување по насоките на Европската комисија денеска ни се случува работа спротивно на она што ни препорачуваат одново и одново да го продолжуваме рокот за отпочнување на примена на овој закон. И сега, затоа го прашувам заменикот министер, што е причината, Кривичниот законик можеби измените нема да бидат донесени ниту до другата година во март. Што е причината  донесен закон да не можеме да го применуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тоа беше процедурално.

Продолжуваме понатаму.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување.

Предлогот на законт ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправдансота  Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за здравство.

**Владимир Поповски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, и оваа е една од мерките што ги презема оваа Влада за ублажување на ефектите од глобалната криза во реалниот сектор. Донесувањето на законот за мирување и отпишување на обврските по основ на придонеси за задолжително здравствено соигурување ќе има за цел намалување на финансиското оптоварување преку ослободување од обврските за плаќање на каматите и мирување на долгот во период од 4 години под услов тековните обврски редовно да се сервисираат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување го ставам на гласање. Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници, за гласаа 52 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправдансота  Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за економија.

**Методи Хаџи-Васков:** Изменување и дополнување на Законот за трговија се наметнува од практиките на Државниот пазарен инспекторат во однос на работењето на трговците. И покрај засилените контроли и преземените мерки во одделни сегменти во трговијата и натаму не е задоволителен напредокот во сузбивањето на сивата економија, нелегалната трговија, со стоки и услуги, нелојалната конкуренција, работењето на нерегистрирани трговци и т.н. Од овие причини се пристапи кон измена и дополнување на Законот за трговија со цел зголемвуање на казните за одредени прекршоци.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе законот за изменување и дополнвување на Законот за трговија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, за гласаа 55 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага поскратена постапка да се доенсе законот за претворање на побараувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД. Органско хемиска индустрија Наум Нумовски Борче - Скопје, АД. за истражување проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полнаодговорност ЕМО-Охрид, Тутунски комбинат, АД Прилеп и Друштво за производство на производи сопосебнанамена 11 Октомври - Еурокомпозити АД Прилеп.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправдансота  Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот министер за економија.

**Методи Хаџи - Васков:** Предлогот на закон за претворање на побарувањата на Република Македонија  во траен влог е една од  десетте мерки кои што Владата ги презема со цел за ублажување на ефектите од глобалната економска криза, особено во реалниот сектор. Донесувањето на  законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки вотраен влог во друштвата ОХИС Скопје, АД ЕМО Охрид, АД Тутунски комбинат Прилеп и АД Еурокомпозити Прилеп ќе

ја олесни приватизацијата на државниот капитал преку изнаоѓање на стратешки инвеститор за овие значајни стопански субјекти. На тој начин овие стопански субјекти ќе станат поатрактивни за изнаоѓање на странски стратешки партнер.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Процедурално има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов**: Процедурално. Не ми е јасно зошто сега овој закон доаѓа по скратена постапка кога требаше да биде донесен некаде во февруари, март минатата година. Немаше ништо спорно. Анализите укажуваа дека овој закон треба да се донесе. Затоа и го донесовме оној Закон за измена на Законот за платен промет за да не се применуваат тие забрани цела година, за да ги решат овие работи. Што чекале година дена? Зошто чекаа година дена, а сега го предлагаат по скратена постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД. Органско хемиска индустрија Наум Нумовски Борче - Скопје, АД. за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО- Охрид, Тутунски комбинат, АД Прилеп и Друштво за производство на производи сопосебнанамена 11 Октомври - Еурокомпозити АД Прилеп., го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за гласаа 55 пратеници, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејки Собранието одлучи законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржувањето на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот на одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2008 година.

Според член 96 став 1, од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик објавен во “Службен весник на РМ” број 136/2008, Државната изборна комисија ќе се избере во рок од 30 дена од денот на објавување во сила на овој закон. Државната изборна комисија е избрана со Одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија. Продолжува со работа до изборот на Државната изборна комисија согласно со овој закон.

Имајќи го предвид законскиот рок, а исто така Комисијата за избори и именувања на седницата одржана на 2 декември 2008 година едногласно го утврди предложениот состав на Државната изборна комисија во постапката утврдена согласно измените и дополнувањата на Изборниот законик.

Предлагам Собранието на оваа седница да ја донесе одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, 54 за, воздржани нема, 3 против.

Процедурално за збор се јавува господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Тука имаме неусогласување со Изборниот законик. Таму добро стои дека треба да има најмалку 30% жени, членови на Државната изборна комисија. Тој законски услов не е исполнет. Затоа треба да се повлече и да се достави предлог каде се спроведува законот.

**Трајко Вељаноски:** Господине Андов тоа е веќе претрес по самата точка. Ние расправаме. И јас добро кажав претрес е по самата точка. Не е процедурално.

**Стојан Андов:** Не е претрес.

Да се повлече од дневниот ред, затоа сакав на време да ми дадете збор.Не е во согласност со законот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

2. Интерпелација за работата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања Александар Николовски.

3. Предлог на закон за изменување на Законот за животната средина, по скратена постапка.

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, по скратена постапка.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка.

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, по скратена постапка.

7. Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет, по скратена постапка.

8. Предлог на закон за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување, по скратена постапка.

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, по скратена постапка.

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка.

11. Предлог на закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија Наум Наумовски - Борче Скопје, АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО - Охрид, Тутунски Комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозити АД Прилеп, по скратена постапка.

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка.

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, по скратена постапка.

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица, по скратена постапка.

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство, по скратена постапка.

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, по скратена постапка.

19. Предлог на закон за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, по скратена постапка.

20. Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците, по скратена постапка.

21. Предлог на закон за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка.

22. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка.

23. Предлог на закон за дополнување на Законот за спречување на корупцијата, по скратена постапка.

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, по скратена постапка.

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба, по скратена постапка.

26. Предлог на закон за изменување на Законот за малолетничка правда, по скратена постапка.

27. Предлог на закон за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, по скратена постапка.

28. Барање за давање автентично толкување на член 54 став 5 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од Советот на општина Карпош.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

За изменување и дополнување на предложениот дневен ред си пријавија господинот Стојан Андов, госпоѓата Иванова Цветанка и господинот Андреј Жерновски.

Има збор господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Изгледа не успеав да ве убедам во процедуралната забелешка, во исправноста на тоа што го кажувам.

Сега сакам да ви објаснам зошто го давам овој предлог:

Предлагам првата точка да се симне од дневен ред, да се врати на предлагачот и да го задолжиме предлагачот да даде предлог кој е во согласност со одредбите на Изборниот законик. Овој Предлог не е во согласност со Изборниот законик и нема оправдување зошто е ваков. Овој предлог не го исполнува барањето од Изборниот законик, нормата, прописот, најмалку 30% од секој пол да бидат застапени во составот на сите изборни органи. Изборен орга е и Државната изборна комисија.

Второ, ако немало пријавени на конкурсот доволно жени, ако од сите пријавени само една се јавила, како што е сега Предлогот на Комисијата, некое разбирање ќе има, но не е точно, има жени кои се пријавиле, а 1/7 не е 30%, седум членови се таму. Направете ја математиката ќе видите дека тоа е спротивно на законот. Ова е подзаконски акт. Овој акт произлегува од Изборниот законик и директно е спротивен со него. Затоа повлечете го и за прва наредна седница, ако треба закажете и вонредна седница, да предложите во согласност со законот.

**Трајко Вељаноски:** Господине Андов вашиот предлог е првата точка да се тргне од дневниот ред.

Предлогот на господинот Андов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за гласаа 9, воздржани нема, 51 против.

Констатирам дека не е прифатен предлогот на господинот Стојан Андов.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова во врска со изменување и дополнување во врска со предложениот дневен ред.

**Цветанка Иванова:** Немаме дебата?

**Трајко Вељаноски:** Не.

**Цветанка Иванова:** Тогаш, не.

**Трајко Вељаноски:** Има збор, за изменување на предложениот дневен ред, господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Не знам како е деловнички, но барам збор по два основа, а се надевам дека ќе го решиме.

Прво, би побарал од дневен ред да се симнат сите точки кои се по скратена постапка. Повторно ќе кажам, тоа е спротивно на ветувањето што го дадовте вие претседателе на Собранието.

Многу е битно да го прифатиме она што беше како забелешка набележано од страна на Европската комисија, а спомнав, и од Советот на Европа, да се овозможи дебата за битните закони во Република Македонија. Бидејќи со ова се оневозможува да има дебата во јавноста, јас би предложил да се повлечат сите точки од дневен ред кои се по скратена постапка.

Второ, што се однесува до изборот на Државната изборна комисија, исто така предлагам да се повлече од дневен ред од проста и едноставна причина што Советот на Европа побара од нас односно донесе одлука, подоцна ќе ја презентирам таа одлука доколку не се прифати мојот предлог, Изборниот законик да биде даден на ревизија од страна на Венецијанската комисија.

Сметам дека, ако сакаме да покажеме и докажеме дека навистина ни е битно мислењето на организациите, не само каде што сакаме да членуваме туку и каде членуваме, членуваме во Советот на Европа, тогаш треба да го почекаме мислењето од Венецијанската комисија, или ако сакате точно од Комисијата на која министерот за правда се повикуваше. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андреј Жерновски има два предлога.

Првиот предлог е сите точки кои се со закони и по скратена постапка, да се тргнат од дневен ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за гласаа 10, воздржани нема, против 56.

Предлогот не е прифатен.

Вториот предлог се однесува да се тргне првата точка со сосема друго образложение кое го даде претходно господинот Стојан Андов. Значи образложението на господинот Андреј Жерновски е да се сочека мислењето од Венецијанската комисија.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од нив за гласаа 4, воздржани нема, против 52 пратеници.

Констатирам дека не е прифатен предлогот на господинот Андреј Жерновски.

Продолжуваме понатаму.

Дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 59 пратеници, за гласаа 56, воздржани нема, против 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневниот ред, Ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, Ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 17,15 часот, а сега свикувам координација со координаторите.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 1. - Предлог одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Ве известувам дека согласно членот 27 став 5 од Изборниот законик оваа одлука се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија гоиспоѓа Мираковска Соња, господин Андов Стојан, госпоѓа Иванова Цветаника и господин Жерновски Андреј, повелете.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, апелирам до вас денес оваа Предлог одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија утврден од Комисијата за прашања на изборите и именувањата да не ја гласаме, затоа што тоа ќе значи дека ова Собрание денес, гласајќи ја оваа Предлог одлука, директно ќе го прекрши Изборниот законик. Јас ќе ве потсетам, претпоставувајќи дека вие навистина знаете за Изборниот законик дека во Глава 4, каде се однесува на принципот на соодветна и правична половна застапеност во изборните органи, во членот 21 став 3 стои во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%. Оваа Предлог одлука што денеска е пред нас брои 7 члена на Државната изборна комисија, а тоа значи дека најмалку две жени треба да имаме во таа Комисија. Во моментот имаме во Предлог одлуката само една жена.

Во членот 17, од Изборниот законик, точно и јасно се дефинирани видовите на Изборните органи, меѓу кои, под број 1 тоа е Државната изборна комисија како највисок орган, највисок изборен орган, значи, одредбата 3 од ставот 21 се однесува и на Државната изборна комисија.

Носејќи ја оваа одлука денес ние ќе го прекршиме и Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените. Во Глава 2 која се однесува на видовите на мерки за воспоставување на еднакви можности, во посебните мерки, во членот 6 од овој закон, јасно е дефинирано дека неадекватно учество на мажите и жените постои, кога застапеноста на жените или на мажите во телата на власта на сите нивоа, вклучувајќи ја судската, законодавната и извршната власт, локалната власт, како и сите други јавни установи и служби и политичките функции, комисии и одбори вклучувајќи и вклучување на телата на меѓународно ниво, не треба да биде помало од 40%. Ако е помало од 40%, значи дека нееднакво е учеството на жените и мажите. Тој е закон кој е донсен во ова Собрание, затоа, апелирам до вас, денес да не се ставиме на тенок лет и да не се доведеме пратениците во ова Собрание, да донесеме одлука, да изгласаме одлука која е спротивна на изборниот законик. Ако сега почнеме да не ги почитуваме законите овде во законодавниот дом, многу едноставно и многу лесно тоа ќе ни стане пракса. Затоа, ве замолувам, поготово се обраќам на колешките пратенички да не гласаат за оваа одлука да помине. Ако оваа одлука денес ја донесеме, тоа значи дека ова ќе биде првата дамка на изборниот процес кој ќе следи, значи, на следните локални и претседателски избори. Уште еднаш ве замолувам, немојте да гласате за ваква одлука, дозволете да ја вратиме во Комисијата за избори и именување да ја корегираат и повторно да ја достават во Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, сакам да предупредам дека сме ние сите должни да правиме чекори кои ќе доведат до избори сега пролетта во март со кои ќе можеме со чист образ да излеземе и пред нашите граѓани и во светот. Тоа значи дека изборите мора да бидат спроведени во согласност со законот. Оваа одлука ја донесуваме заради тоа што е решено во Изборниот законик да се донесе одлука за избор на Државната изборна комисија . Точно стои и во изборниот законик и ви укажувам дека ако ние ја донесеме денешната одлука со оваа фалинка, што не е во согласност со законот, ние ќе дадеме сигнал на сите нивоа, на сите учесници во изборите дека може да се одлучува и да се постапува надвор од Законот, а тоа значи дека однапред создаваме услови изборите повторно да ги оцрниме и повторно имаме последици и внатре во земјата и надвор кај нашите пријатели и кај сите овие европски институции каде сакаме да станеме полноправен член.

Затоа, јас исто така, апелирам, денес се жени, утре можат да бидат мажи. Или ќе немат вакво или такво образование. Било каква отстапка од законското решение е незаконита работа. Собранието не смее тоа да си го дозволи, затоа што дава сигнал после сите други инстанци да можат така да постапуваат. Тоа е веќе сервирање на незаконитост во земјата. А кога се изборите во прашање, тоа е многу опасна работа и ќе направиме голема штета на државата за една мала работа. Ние до петок можеме да избереме комисија, може да се добие нов предлог, комлетен предлок, како што треба, за да можеме да излеземе со чист образ и пред граѓаните и пред меѓународната заедница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине пртседателе, спроведените избори, лошите спроведени избори во 2008 година, како и препораките на ОБСЕ и ОДХР, наложија потреба од прирстапување кон измени и дополнување на Изборниот законик со една единствена цел, да се градат препораките на ОБСЕ и да се отстранат сите оние можности за нерегуларни избори.

СДСМ, како најголема опозициона партија иако немаше обврска, влезе во овој проект со една единствена желба додадениот нов услов на Европската комисија за приближување на Република Македонија кон Европската унија, а тоа е отстранување на лошите избори кои што беа 2008 година, а виновници се знае кои се, оние што ги спроведуваа изборите, да се отстранат, значи со тоа што ќе се подобри правната регулатива. И ние влеговме во овој проект, учествувавме и го прифативме со еден поширок консензус се донесе Изборниот закон.

Едно од барањето на СДСМ беше претседател на Државната изборна комисија да биде онака како што беше во стариот закон на предлог на најголемата опозициона партија од причини познати за ВМРО ДПМНЕ како парламентарно мнозинство, побара, оваа комисија, Државната изборна комисија да биде целосно рекомпонирана.

Во целиот овој процес, постапуваме онака како што сме се договориле. СДСМ знае за важноста на овој проект, знае за важноста на следните локални и претседателски избори, кои што ќе се спроведуваат. Знае исто така ја знае огромната улога на Државната изборна комисија. И во исто време, си ги почитува своите преземени обврски. Значи, сето она што е договорено вклучително и оваа Комисија, дека ќе ги прифати и ќе ги поддржи, меѓутоа, како Социјалдемократски сојуз мораме да укажеме дека ние како парламентарна група како политичка партија целосно при предлагањето на кандидатите за членови и претседател на Државната изборна комисија сме ги почитувале двете основни правила. Едното правило или принцип утврден со Изборниот законик со член 21 став 3, каде што во состав на изборните органи треба да има 30% од секој пол најмалку, и затоа од двата наши предлози, значи, ние практично не 30, - 50% учествуваме со помалку засапениот пол затоа што имаме маж и жена за кандидати. Исто така сме го испочитувале и правилото кое што или критериумот кој што во Европскиот извештај или ОДХР или ОБСЕ, ни го даваат, а тоа е континуитет во работењето на Државната изборна комисија , бидејќи во Ивештајот на Европската комисија позитивно е оценето работењето на Државната изборна комисија и затоа ние ги предложивме како можни кандидати, сега еве како кандидати за членови и претседател на Државната изборна комисија, старите наши членови на Државната изборна комисија. Значи, ние не носиме товар врз нас за непочитување ниту на договорите, за непочитување на законите и секако за непочитување на стандардите кои што меѓународната заедница ги бара од Република Македонија. Ова е значи ставот на пратетничката група на СДСМ.

Сега дозволете бидејќи јас како пратеник имам право да си го изразам мојот личен став. Јас само многу кратко ќе кажам. 19 години или 17 учествувам со многу жени не само од мојата партија, во анимација на жената за вклучување во политиката и во органите на телата каде што се вклучува. И верувајте горда бев за напредокот на Република Македонија во оваа насока, но верувајте дека сега навистина немам зборови што да коментирам во однос на предлогот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитувана колешке координатор на пратеничката група на СДСМ, еве ветив дека од говорница ќе ви се обратам за да ме слушнете нели.

Своето обраќање го почнавте со тоа дека вашата пратеничка група ова го прави согласно препораките на ОБСЕ, тоа не е точно. Препораките на ОБСЕ се прво, дека Државната изборна комисија работи добро, и ќе ве потсетам дека тоа е единствената светла точка во извештајот катастрофален за изборите во Република Македонија, односно препораките ако сакате на ОБСЕ и ОДХР,

И второ препораките на ОБСЕ и ОДХР верувам дека сте ја прочитале да се зајакнува независноста на Државната изборна комисија. Ако сметате вие дека партизација на Државната изборна комисија е зајакнување на независноста, тогаш имаме навистина спротивни ставови.

Потоа почитувана колешке јас кога ги повикувам четирите политички партии, согласно и вашата, кога се носеше изборниот законик дека не може да се оди и не треба да се оди во скратена постапка, вие тогаш не се спротивставивте. Ви кажав дека веќе еднаш нарушениот принцип во ова Собрание потоа ќе се провлекува. Тогаш вие не реагиравте. Туку премолчивте и сега скратените постапки од Владата ќе доаѓаат 20-ти, 25-ти итн., на крај. Сакам да ви укажам вие точно имате право и јас сум го користел тоа значи немам тука можност да забележувам да гласате издвоено, меѓутоа, сакам да ви кажам ако еден од координаторите од овие политички партии кои што го направија договорот во Клубот на пратениците, или ако сакате како што вие милувате да кажете и тоа е така. Координаторот на најголемата пратеничка група во Собранието не го поддржува ова денеска, тогаш дозволете да ве прашам дали овој договор е сеуште валиден, и што тоа значи всушност за догоговорот. Затоа што вие имате функција координатор на

пратеничка група на СДСМ, најголемата опозициона партија. За мене е јасно дека ако некој гласа, јас мислам дека треба да гласате против, јас ве поддржувам, против ова денска што се случува, да не должам понатаму ќе земам збор, веќе имам земено збор понатаму, сметам дека треба да размислите што тоа значи за договорот за кој што сите четири политички партии гордо кажувавте дека е нешто што ќе не донесе поблиску цитирам: “до Европската унија и до НАТО”. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе, му благодарам на колегата Андреј Жерновски за репликата и само да кажам дека ние знаеме дека добро работела Комисијата и затоа ги предложивме старите членови. Затоа што имаме доверба во нив, дека ја завршиле својата работа, дека се отценети од меѓународната заедница, многу позитивно, дека немаат никаква забелешка на нивната работа и со тоа значи сите ваши забелешки отпаѓаат. Со овие кандидати кои што СДСМ ги предложи се исполнети сите критериуми кои што ги бара Европската заедница затоа што биле изложени нашите кандидати на претходна оценка.

А околу скратената постапка вие не разликуват дека важеше стариот Деловник, а сега новиот, бидејќи вие многу и не читате, и не се вртите многу во Собраниево, а околу мојот став за гласањето јас никаде не го искажав затоа што јас само кажав што чувствувам во моментов, а се уште не сум кажала како ќе гласам. Освен ако вие непретпоставувате нешто.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика господинот Мисовски Горан.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе,

Почитувана колешке Цветанка, велите во овој проект влеговте во договор но не кажавте дека влеговте во овој проект во договор со ВМРО ДПМНЕ. Претепоставувам дека не знам зошто тоа намерно го испуштивте, веројатно интересот на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ по оваа точка е идентичен, но мислам дека во тој договор требаше барем да се обидете да издејствувате или од оваа говорница да поставувате прашање или во тој договор со ВМРО ДПМНЕ кој што очигледно дека во спојува токму во оваа точка, зошто не инсистиравте при промената на Државната изборна комисија и зошто дозволувате при промената на Државната изборна комисија , Државната изборна комисија до овој момент да нема финансиски извештај. Да даде отчет пред Собранието на Република Македонија и пред граѓаните зошто Државната изборна комисија потрошил 50% и повеќе, во однос на изборите од 2006 година. Зошто нема казна за прекумерното трошење во изборната кампања од страна на ВМРО ДПМНЕ. Дали почитуваниот колега Илија Димовски, како претседател на Комисијата за избори и именување ќе ја прифати одговорноста ако овој закон падне на Уставниот суд.

И на крајот претседателе не знам зошто на денешната седница кога расправаме по оваа точка на дневниот ред го нема вашиот трет портпарол, госпоѓата пратеник која што најмногу се залага во ова Собрание за еднаквост на правата на мажите и жените, госпоѓата Лилјана Поповска. Очигледно бега.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика гопсоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Јас само кратко господине претседателе за да не остане дека молчам на репликата господинот Мисовски.

Ова прашање што мене ми го постави како Цветанка или како пратеник на СДСМ за тоа колку потрошила Државната изборна комисија колку средства, на погрешна адреса го упатува. Претседател на Државната изборна комисија е сеуште претставник на ВМРО ДПМНЕ. Мислам по грешка го упати прашањето и може да направи некоја реплика доколку се јави некој пратеник на ВМРО ДПМНЕ. Инаку јас ова не сметам дека е упатено кон мене затоа што не можам да дадам одговор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски**: Е, па ајде да видиме од вртќање во Парламент кој има корист и кој колку научил, бидејќи да се вртка човек во Парламент и да не знае што како ќе гласа ќе биде интересно.

Почитуван претседателе, почитувани колеги - вие штедете ги силите за интерпелацијата што сте прв пратеник што има интерпелација, што е достигнување за гордост, а уште и најмлад.

**Трајко Вељаноски:** Господине Жерносвки продолжете по точката.

**Андреј Жерновски:** Почитувани кооеги, се случи тоа што ЛДП го укажуваше од првиот чекор овде кога дојде Изборниот законик, ова е дел од Изборниот законик, го знаете тоа, дека брзањето по секоја цена да се носи Изборен законик, одбегнување на дебата ќе донесе до проблеми.

Прво, укажувавме како ЛДП дека е штетно да се носи ваков закон, изборниот, во овој дел, бидејќи е штетно да се носи на ваков начин. Укажуваме тогаш дека Клубот на пратеници не може да биде замена за ефикасен дијалог меѓу политичките партии во Република Македонија. Тогаш и денес тие критики го адресиравме до сите 4 политички парти кои го направија тој договор и изгледа денес или утре сите 4 политички партии ќе гласаат спротивно на Уставот, спротивно на законите во Република Македонија. Јас на крајот ќе поставам прашање кој од пратениците е спремен тоа да го направи и да ја преземе таа одговорност.

Добро е уште еднаш да потсетам, го кажав тоа во последната прилика кога имавем точка на

дневен ред повторно за Државната изборна комисија односно кога Собранието го носеше огласот. Се разбира, добро е да има договори во Клубот на пратеници. Добро е затоа што кај нас главната критика доаѓа на адреса на непостоење на политички дијалог меѓу политичките играчи во Република Македонија и дијалогот е многуслаб и во самите партнери во власта, особено меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ, на многу теми. Да не зборуваме на тема власт- опозиција. Меѓутоа не може да биде замена, затоа што ако еден закон, договор, преточен во законот од Клубот на пратеници доаѓа директно во Собранието на Република Македонија, тоа значи дека нема дебата, тоа значи дека е исклучена пошироакта јавност, тоа значи дека е исклучена стручната јавност, тоа значи дека се исклучени граѓаните од можноста да дебатираат односно да ги кажат своите зебелешки за било кој договор во Клубот на пратеници. И тогаш укажуваме и денес дека целосна партизација на Државната изборна комисија ќе донесе штета на Република Македонија. За изборите кои не само што станаа почитувани колеги дополнителен критериум, одредница, бенч марк, како сакате, како услов за наш влез во Европската унија, туку стана најважен услов во овој момент. Тоа јасно е кажано и при подготвување на извештајот, тоа сега јасно се кажува и од НАТО, изборите локални, изборите претстедателски. И сосема спротивно на препоракиет на ОБСЕ се договри во КЛубот на пратениците, овде подржан од сите 4 политички партии ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, ДПА и СДСМ, дасе атакува на единствениот позитивен дел ви извештајот на ОБСЕ и ОДХР, а тоа работата на Државната изборна комисија. Ви цитирав и тогаш, пишува многу прецизно дека Државната изборна комисија добро си ја извршила својата работа.

Понатаму, кога доаѓаат препораките пишува дека траба да се зајакне независноста на таа Државна изборна комисија.

Почитувани дами и господа, не сакаат нашите партнери да инвестираат во обуки, програми за да на Државната изборна комисија конечно се формира вистинска Државна комисија која ние потоа ќе ја промениме затоа што така е договорено меѓу политичките партии во Република Македонија. И сета оваа авантура преточена овде во Собранието на Република Македонија заврши со тоа што Советот на Европа, односно мониторинг комисијата препорача Изборниот законик да оди на ревизија во Венецијанската комисија.

Затоа, сакам да ги прашам претставниците, пратениците на политичките парти дали сега сметаат после таквата одлука, Венецијанската комисија за којашто овде министерот за прадва не уверуваше дека се почитуваат препораките, дека е побарано на времето - и навистина на времето е побарано мислењето, меѓутоа, откако стигна негативно мислење од страна на Венецијанската комисија за моделот на Изборниот законик кој е предложен, тогаш веќе таквото мислење не беше потребно, односно не беше пожелно во Република Македонија. Сметам дека одговорноста треба да си ја понесете пропорционално на моќта која што ја имате овде во Собранието и на довербата на граѓаните која кон овие четири политички партии е најголема во моментот во Република Македонија. Да се понесе оддговорноста рамноправноза тоа зошто Изборниот законик денес се наоѓа на разгледување во Венецијанската комисија која како што знаете или знаат дел од пратениците работи во состав на Советот на Европа.

Оттаму господине Шамбевски јас сум живо заинтересиран денес како ќе гласате вие за овој модел, затоа што сме заедно членови во мониторинг комисијата.

Исто така сум живо заинтересиран како ќе гласа многугласниот претседател на Комисијатаза еднакви можности на жените и мажите, госпоѓата Лилјана Поповска којашто овде ја нема. Нема ни да ја има, затоа што таа во својот заклучок се поведува дека за работи според Законот за еднакви можности на жените и конвециите дека тоа е борбата за сите видови дискриминација врз жените и други меѓународни документи, меѓутоа, не гледам сега дека се чувствува потреба да се коментира она што како реакција до нас и јавноста е пратено од Националниот совет на жените на Република Македонија.

Почитувани дами и господа,

ќе се навратам подоцна на оваа реакција од страна на СОЖМ затоа што тука ќе стане многу јасно кој од пратениците е спремен да гласа спротивно од она за кое е избран, спротивно Уставот и законите во Република Македонија. Сега ќе ве потсетам на информацијата од страна на мониторинг комисијата, која вели во точка 17 во графата 3 каде што е набележана имплементацијатана препораките од Комитетот за набљудување на парламентраните избори: "промените на составот на Државната изборна комисија на само неколку месеци пред одржувањето на претседателските и локалните избори не се препорачува, бидејќи тоа може да се интерпретира како обид за манипулација на изборниот процес, а во интерес на некои политички сили во Република Македонија". Овде на сите ни е полна устата ако сакаме да ги почитуваме овие забелешки, препораки, извештаи итн., меѓутоа, тоа силување на договорот постигнат во Клубот на пратениците не доведе до тоа денес Советот на Европа, поточно кажано Мониторинг комисијата да побара да биде усогласено да имаме ревизија на Изборниот законик и да се каже дека не може неколку месеци пред одржување не само на претседателски и локални избори, туку оние избори кои се сега главна точка дали сме способни или дали можеме или не можеме да бидеме члениви в о Европската унија и во НАТО. Меѓутоа, тоа беше игнорирано и тогаш и денес од четирите политички партии.

На крај дојдовме до реакцијата на Националниот совет на жените на Република Македонија кој јасно укажува дека е незадоволен од изборот на членови на Државната изборна комисија, дека овој избор е во спротивност со уставната одредба за еднаквост меѓу половите и дека е непочитување на Законот за еднавки можности според кој 40% од комисиите и телата треба да бидат жени и исто така од Изборниот законик, односно членот 21 став 3. Сосема е јасно дека Државната изборна комисија како орган кој мора да ги почитува законите со кој легитимитет ќе се ожценуваат кандидатските листи, денес правиме едноставно со сета оваа одлука да се почитуваат законите во Република Македонија.

Почитувани колеги од ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА И ДУИ , мислам дека треба сериозно да размислите за она што укажуваат пратениците на ЛДП, а укажуваа и колегите кои претходно зборуваа дали сте спремни само поради тоа што мора според вас да се гласа за тоа што е договорено во Клубот пратници да бидете, не да бидеме, да бидете пратеници кои иако овде се оние кои се повикани да работат согласно Уставот и законите и нносат закони согласно Уставот, всушност истите со тоа гласање да ги прекршите. Сакам да ви укажам дека одговорноста ќе падне на вас, меѓутоа, штетета ќе оди на институцијата Собрание на Република Македонија, штетата ќе оди на крајот на краиштата против интересот на Република Македонија и граѓните кои живеат во Република Македонија, затоа што ако на сите нас јасно ни се праќа порака дека од следните избори во Република Македонија, кои ќе се одржат на ист датум а тоа се претседателските и локалните избори, е од витална важност како ќе не оценува Брисел, под Брисел подразбирам и Европската унија и НАТО, како ќе не оценува Стразбур, под Стазбур подразбирам Совет на Европа, тогаш неате право и треба да бидете одговорни и да размислите дали треба да учествувате во нешто што се нарекува кршење на Уставот, кршење на законите во Република Македонија. Да, некои пратеници на ВМРО ДПМНЕ ќе се смеат, на некои пратеници овде не им е битно што ќе учествуваат меѓутоа, колешке, утре вие ќе бидете виновни што ние пред да ги одржиме изборите веќе сме пратиле порака дек воопшто не ни е битно за тие избори, туку ни е битно како сме се договориле во Клубот на пратеници. Вашата насмевка која што беше иста и од кога се одржаа парламентарните вонредни избори еден ден, за жал наскоро, ќе стане нешто за кое вие ќе ги спречите генерациите да бидат дел од семејството на кое сакаме да бидеме. Ако за сето ова за кое јас зборувам овде и моите колеги сметате дека е смешно и е едноставно небитна работа, тогаш можам само да посакам до утре бидејќи ќе биде прекината расправата како што е договорено, размислете добро за тоа што планирате овде да го направите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам претседателе,

Господиние Андреј Жерновски вие неколку пати во вашиот говор го споманвте договорот во Клубот на политичките партии, на најодговорните политички партии во Клубот на пратениците и јас би сакала само едно појаснување да дадам.

Во исто време, и се обраќам на македонската јавност. Запишете го денот 3.12.2008 година. Денес политичките партии ако ја гласаат оваа одлука ќе пратат јасна порака до македонската јавност дека партиите се над законите и над Уставот на Република Македонија и денес или утре ако во текот на утрешниот ден гласаме или гласате за оваа одлука која го крши Изборниот законик и Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените, ќе докажеме и ќе направиме преседан, Собранието на Република Македонија ќе докажме дека може да ги крши законите кои ги носи, а тоа ќе биде многу лоша порака до нашата јавност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитувана колешке, понекогаш надежта последна умира, јас сеуште се надевам дека оние лидери кои се договорија во Клубот на пратениците вечерва Ќе соберат сили да им укажат на своите пратеници дека е сосема грешно ова што се прави и дека е во спротивност со интересите на Република Македонија и граѓаните во Република Македонија. Јас сум загрижен што не реагираат колешките кои треба овде да се борат за правата на жените. Жал ми е што овде не е инаку ревносниот и присутен координатор на ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа, очигледно кога темите се непопуларни се бега од дикусија.

На крајот уште еднаш апелирам до четирите политички партии ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА вечерва трезно размислат што нивниот чекор што планираат утре да го направат ќе значи за иднината на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за пратеникот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов**: Јас сакам да му укажам на колегата Андреј Жерновски дека тоа што се договарале четирите лидери не е само по себе грев. Лошо е направен договорот, овој договор е лошо направен. Инаку, се договоарале, се договарале, тие се лидери на најбројните партии, можат и да се договараат и тоа не е лошо. Меѓутоа, овде сакам да ви укажам дека договорот е направен против јасна одредба на Изборниот законик, а оваа одлука произлегува од Изборнито законик. Еве јас од почетокот на ова Собрание сум овде, сакам да ви кажам прв пат се прави преседан. Собранието со подзаконски акти да го руши законскиот акт кој што туку го донел, прв пат се случува тоа. Ние не можеме да оценуваме

дали тоа е мало рушење, дали е мал престап, противзаконито е. Штом е противзаконито се дава сигнал на сите по други прашања како милуваат да работат против законито. Ако може Собранието, зошто другите не можат. И не е ова работа само на жените. Кршењето на Законот од страна на тој што го донел, не со измена и дополна на Законот. Тоа не е кршење, можел да го измени законот, меѓутоа, тоа не го направил. Го остава натаму, законот стои, а се крши со подзаконски акти. Сеедно е дали е за мажи, жени, не знам за што, тоа е недопуштена активност. Така не смее да се работи. Ви кажувам тоа може после како преседан да биде употребувано од разни состави со разни мнозинства. Може многу големо зло да се нанесе и на граѓаните и на држава и на се. Мора да има ред во државата. Така што господине Жерновски вие сте во право дека одлучуваат во Собранието, ама еве ние во Собранието ќе одлучиме и ќе направиме огромна грешка. Да се договориле правилно подобро, да не спречат да направиме ваква работа, отколку воопшто да не се договараме. Тоа е мојата забелешка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Мислам дека колегите кои го слушаа она што го кажав на говорницата можеа да забележат дека кажав, сум за договор меѓу политичките партии дека го поздравувам тоа што конечно седнаа да се договараат и треба да се договараат. На крајот на краиштата и во мојот настап во Стразбур и на комисиите во кои сум член, за да ја пофалам консолидацијата на политичкиот дијалог во Република Македонија го истакнав ставот дека четирите политички партии се договараат и дека тоа е добро и е различно од нешто што ппретходно се случуваше.

Уште еднаш дозволете да укажам дека сум за тоа, за тој договор кој ќе се случи таму и кој ќе се постигне да биде даден на јавноста, за да може јавноста да биде запозната. Договор кој што е веднаш донесен во Собранието на Република Македонија ќе заврши онака како што ова завршува сега.

Уште еднаш исто како вас се надевам дека пратениците, нашите колеги добро ќе размислат како ќе гласаат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Ве потсетувам дека оваа одлука се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Со оглед на тоа дека нема 80 пратеници во салата, не може Предлог одлуката да биде ставена на гласање.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница со гласање по оваа точка на дневниот ред.

(Седницата прекина во 18,00 часот).